КУМАНОВЦИ КАКО РЕТКО КОГА ВО СВОЈАТА КРАТКА ИСТОРИЈА СЕ ВО УЛОГА НА ТОТАЛЕН АУТСАЈДЕР

# Алими е адутот на Милано

**● Арменд Алими, еден од најдобрите фудбалери во Првата лига, е единствениот од онаа стара гарда на кумановскиот прволигаш**

Љубителите на фудбалот во Македонија, барем оние што подобро ги следат настаните во мак - фудбалот, со право се прашуваат дали Милано ќе може да се надмине себеси и дали ќе може да пружи каков било отпор на екипата на Славен Белупо? Во оваа ситуација во која се најде еден од нашите најдобри клубови во последните две години, две вицешампионски титули и едно финале во Купот, тешко дека може да се надева на ништо друго освен на чесен пораз. Но во фудбалот понекогаш се случуваат чуда, сензации, понекогаш победува и аутсајдерот, а секако дека во овој двомеч таа улога, сакаме ние да признаеме или не, е на страната на ФК Милано.

Можеби ронка надеж дава исклучително лошиот настап на Славен Белупо на двомечот со Биркиркара. Хрватите победија едвај дома со 1:0, а таму, на гости, на Малта успеаја да стигнат до мизерни 0:0 за нив.

Арменд Алими, потенцијалниот репрезентативец и еден од најдобрите фудбалери во Првата лига, е единствениот од онаа стара гарда на кумановскиот прволигаш. Тој е главниот адут на стратегот Еркан Јусуф. Но и тој е свесен дека Милано тешко дека ќе може да стори нешто повеќе во дуелите со Славен Белупо.

"Несомнено дека Славен е далеку поквалитетен тим од нас. Токму затоа тие се фаворити на овој двомеч. Нам не ни преостанува ништо друго освен чесно да одиграме и да се надеваме на што подобар резултат. Барем на првата средба во Куманово", истакнува играчот за врска.

Милано искрено на последните две контроли, со Македонија ЃП (0:1) и со Хоризонт Турново (2:1) не одигра така лошо. Имаше залагање од страна на момците на тренерот Еркан Јусуф. Можеби имаше и мал инает, но дали тоа ќе биде доволно за добар резултат в четврток, а со тоа и какви било шанси за во реваншот во Копривница, ќе видиме по натпреварот.

**З. Ѓ**



Хрватите се фаворити - Арменд Алими

2. квалификациско коло во УЕФА Евролигата (прв меч)

**МИЛАНО - СЛАВЕН БЕЛУПО**

(реваншот се игра на 23.07.09 во Копривница)

Почеток: **четврток, 17 часот**

**Стадион:** "Милано Арена" во Куманово. **Капацитет:** 5.000. **Судија:** Фернандо Тешеира Витиенес. **Помошници:** Викториано Д. Касадо и Мануел А. Мичијано (сите од Шпанија).

### Во Куманово судии од Шпанија

**В четврток, во Куманово, на "Милано арената" првиот дуел во овој квалификациски меч ќе го водат судии од Шпанија. Главен ќе биде Фернандо Тешеира Витиенес. Помошници ќе му бидат Викториано Диаз Касадо и Мануел Ангел Мичијано. Четврти судија ќе биде Хозе Луис Ромеро. И на крајот делегат ќе биде Теуво Холопаинен од Финска.**

### Хрватите имаат позитивен евро - скор!?

**Интересно, но хрватскиот клуб во својата фудбалска историја има позитивен скор во европските настапи. Досега има одиграно вкупно 46 натпревари, победил на 22, нерешено одиграл на 9 пати а 15 пати загубил. Гол разликата е 72 постигнати и 42 примени голови. Во натпреварите на Купот на УЕФА Славен Белупо одиграл 12 средби со скор 5-2-5, а во Интер-тото купот вкупно 34 со скор 17-7-10.**

### Славен на мини - подготовки во Словенија

**Со оглед на крајно лошата игра и неуверливиот триумф над Биркиркара (Малта) во првото квалификациско коло тренерот на Славен Белупо, Миливој Брачун, реши да направи разумен потег. Да ги однесе своите фудбалери на мини - подготовки во Словенија во местото Зрече. Таму Хрватите ќе ја дочекаат средбата со Милано пред патувањето во Куманово.**

МЕТАЛУРГ ГО ПОКАЖА СВОЈОТ КВАЛИТЕТ НА СРЕДБАТА СО КИПАРСКИОТ ПРВОЛИГАШ АПОП (4:2)

# Убаво, убедливо, ефикасно

Одлична игра и убедлива победа на Металург на втората контрола на Златибор против прволигашот од Кипар, тимот на АПОП, со 4:2. Дека формата на "железарците" оди во нагорна линија по ремито со Рудар Плевља (2:2) покажува и триумфот над Кипраните. Интересно е што во првиот дел Металург повел со убедливи 3:0, а во вториот дел избраниците на Ѓоре Јовановски малку како да подзастанале и им дозволиле на своите противници да постигнат два гола па така на крајот конечниот резултат гласел 4:2.

Во првиот дел за "железарците" головите ги постигнале Миранда, потоа на 2:0 зголемил Поповски, а за водство од 3:0 стрелец бил Гешоски. Во вториот дел единствениот гол го постигнал младиот играч за врска Емир Шабани, кој дал вистински евро - гол по шутот од 25 метри.

За Металург стартери биле: Ников, Бишевац, Милушев, Трајчев, Донев, Богдановиќ, Михајловиќ, Поповски, Миранда, Гешоски и Рутевски. Во продолжение од натпреварот стратегот Јовановски им дал шанса и на Ефремов, Манчевски, Смоквоски, Тадиќ, Лазаревски, Крстев, Вајс, Цветановски, Шабани, Ѓуриќ, Велкоски, Илијоски и Стефановиќ.

Како што велат од стручниот штаб на Металург, досегашниот дел од подготовките изминал во најдобар ред. Освен малиот замор никој досега се нема пожалено на повреда. Сите вредно тренираат и максимално одговараат на поставените задачи.

Инаку, Металург според амбициите кои ги пројавива во досегашниот тек од преодниот рок според сите показатали би требало да биде заедно со Македонија ЃП, Работнички и Ренова, екипата која ќе се бори за највисок пласман.

**З. Ѓ.**



Постигна евро - гол - Емир Шабани

### Утре против Јагодина

**Според информациите од стручниот штаб на "железарците", тие денеска ќе имаат слободен ден кој добро ќе им дојде на играчите малку да здивнат по напорните тренинзи. За утре, пак, е закажана уште една пријателска средба. Ривал, најверојатно, ќе биде прволигашот од Србија, тимот на Јагодина.**

РЕМИ БЕЗ ГОЛОВИ НА ПОСЛЕДНАТА КОНТРОЛА НА ВАРДАР НА ЗЛАТИБОР

# Место мрежата се гаѓаше пречката

**ВАРДАР-РУДАР ПЛЕВЉА 0:0**

Вардар не успеа да го совлада тимот на Рудар Плевља од Црна Гора. Иако бил поквалитетен тим во текот на целиот меч сепак младите фудбалери на "црвено - црните" не успеале да постигнат макар еден гол од големиот број шанси па така мечот зваршил нерешено, без голови, 0:0. Ова е последната контрола на експедицијата на Вардар на Златибор па така по денешниот утрински тренинг се враќа во Скопје.

Интересно е тоа што на овој меч Бошко Ступиќ од изгледна ситуација место да стрела во мрежата тој ја погодил само пречката. Вардар имал уште некоја шанса но како што рековме веќе резултатот останал оној почетниот. Во финишот на средбата и црногорците се заканиле но без некој посебен успех.

Тренерот Пане Блажевски мечот го почнал со Јовановски, Георгиевски, Џангаровски, Белчев, Најдовски, Милисављевиќ, Костенцовски, Петров, Пеев, Ступиќ. Во продолжение од средбата им дал шанса и на Ролевски, Ристевски, Наумовски, Димитровски, Ејупи, Ф. Спасески.



Реми со црногорците - Марјан Белчев

ВО ПРИЈАТЕЛСКИ НАТПРЕВАР СИЛЕКС И ТЕТЕКС ОДИГРАА НЕРЕШЕНО БЕЗ ГОЛОВИ

# Реми во Охрид

Пријателскиот дуел меѓу Силекс и повратникот во Првата лига, тимот на Тетекс заврши нерешено, 0:0. Тоа беше уште една убава можност за тренерите на двете екипи Ане Андовски и Тони Јакимовски да ја проверат моменталната форма на своите избраници. Можеби затоа тие им дадоа шанса речиси на сите свои фудбалери кои престојуваат во Охрид. Според нивните зборови, тоа било средба со многу трчање и со по неколку шанси на двете страни. Тетекс преку Благој Левков имал две идеални можности, додека, пак, Силекс во вториот дел исто така имал поволни шанси да го совлада голманот на "штофарите".

Сепак, крајниот резултат, 0:0, бил сосема реален на прикажаното на завчерашниот дуел во Охрид.

**З.Ѓ**

**СИЛЕКС-ТЕТЕКС 0:0**

**Стадион** СРЦ "Билјанини Извори" во Охрид. **Судија:** Стевче Шулески (Охрид).

**СИЛЕКС:** Костуранов, Шалевски, Џангаровски, Мишковски, Бошковски, Глигоров, Џалевски, Стојановски, Мижоров, Марковски, Заревски.

**Играа уште:** Лампевски, Андонов, Петров, Трајчев, Ѓоргов, Темелков, Укиќ, Нацев, Шакиќ.

**ТЕТЕКС:** Колев, Наумовски, И. Савески, Мишковски, Г. Ѓорѓевиќ, Ристевски, Д. Савески, Б. Ѓорѓевиќ, Реџепи, Левков, Постолов.

**Играа уште:** Кметовски, Стојковиќ, Георгиев, Ѓорѓески, Богоевски, Вукојловиќ, Јовановски, Паниќ, Радониќ, Велјановски.

### Чачев во Силекс

**Кратовци продолжуваат со доведување нови играчи. Од завчера ново име во Силекс е стоперот Коче Чачев, кој до пред неколку дена беше фудбалер на Беласица. Со ова стратегот Ане Андовски ја засилува конкуренцијата во својата дефанзивна линија.**

НОВА ПОБЕДА НА ПЕЛИСТЕР НА ПРИЈАТЕЛСКИТЕ НАТПРЕВАРИ

# Ех, да е вака во првенството...

**ПЕЛИСТЕР-ВЛАЗНИМИ 2:0(1:0)**

Само еден ден по средбата со 11 Октомври, фудбалерите на Пелистер одиграа тест меч со новиот второлигаш Влазними и победија со 2:0. Битолчани поведоа со автоголот на Стојчевски во 17. минута, а конечните 2:0 ги постави Цветковски во 75. минута. Во побледо издание "пелистерци" нема многу што да издвојат од оваа средба. Во првиот дел додека битолчани играа со своите најрасположливи сили, заслужија повеќе од 1:0, а во вториот дел се играше збркано и неубедливо. За првпат во зелениот дрес на проба настапија црногорскиот голман Игор Павловиќ, српскиот фудбалер за врска Немања Брадариќ, кој доаѓа од Јединство од Уб и напаѓачот Иван Гавран, кој во минатата сезона настапуваше во Б и Х.

Во 17. минута по слободниот удар на Благојче Љамчевски, во најдобра намера да расчисти Илија Стојчески само ја допре топката со глава, доволно за отворање на резултатот. Десет минути подоцна по центаршутот на Николче Петковски, стоперот Ристевски постигна гол, но истиот оправдано беше поништен заради офсајд.

Во бледото второ полувреме, вториот гол Пелистер, пак, го постигна од прекин. Во 75. минута по корнер кој го изведе Зоран Талевски, Тони Вељановски врати во средината, а таму Мајк Цветковски со глава упати удар во небранетата мрежа. Пелистер мечот го почна со: Павловиќ, Н.Петковски, Ганчев, Ристевски, Љамчевски, Спировски, Брадариќ, Мировиќ, Лазаревски, Алтипармаковски и Гавран. Во вториот дел излезе нов тим: Петровски, Брдаровски, Цветковски, Т. Вељановски, Миленковски, З.Талевски, А.Вељановски, Димовски, С. Вељановски, И.Клечкароски и Димитровски. Превентивно не настапија: М.Петковски, Магловски, Симоновски, Мицевски, Бујчевски и Крстевски.

**З. Мишевски**

ПРИЛЕПЧАНИ ГО ДОТЕРУВААТ ТИМОТ

# Победа чека уште три засилувања

Победа ќе добие уште тројца нови играчи со кои бројот на засилувања ќе стаса до 14. Отприлика толку има отсутни или заминати. Се очекуваат докажани фудбалери, бранител, играч за врска и напаѓач. Преговорите со повеќемина финишираат, уште ден - два ќе биде разврската.

"Добиваме на квалитет. Младоста која преовладува во тимот ќе се надополни со искуство. Ни требаат такви поединци", велат во Победа.

Новодојдени досега се, голманот Пашовски и играчите Стисниоски, Алтипармаковски, Деловски, Стојанов, Ристов, Пишмановски, Велјановски, Стојановски, Марковиќ и Петровиќ. Стручниот штаб сега работи со 25 фудбалери.

"Комплетираме две постави. Се развива силна конкуренција за секое место. Не е лесно да се создава нов тим, но со работа сме на добар пат да успееме", сметаат во Победа.

Победа со поразот во Новаци (2-1), тргна со серијата пријателски средби. Меѓу наредните ривали се: Напредок двапати, Тетекс, Пелистер, а веќе утре во Прилеп ќе гостува струмичка Беласица.

**З. И.**